12562,



**НАСКОРО ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ**

# ИЗЛОЖБА »МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА«

**● СО ПЕТТАТА ИЗЛОЖБА ПОД ОВОЈ НАСЛОВ МУЗЕЈОТ ЈА ПРОДОЛЖУВА СВОЈАТА АКЦИЈА ЗА СИСТЕМАТСКО СЛЕДЕЊЕ НА НОВИОТ ЛИКОВЕН ПОТЕНЦИЈАЛ КАЈ НАС**

Во Музејот на современата уметност во тек се подготовките за петтата од серијата изложби озаглавени со насловот „Млада генерација". Тоа се изложби што Музејот ги организира секоја петта година и преку кои ги афирмира младите уметници што во тој период, најавувајќи го своето доаѓање на ликовната сцена по завршените студии, се издвоиле повеќе од другите од својата генерација и го наметнале својот ликовен израз.

Првпат Музејот ваква изложба организира во 1967 година, кога една по друга беа организирани две изложби на тогаш младата генерација и тоа прво на современа македонска скулптура, а еден месец подоцна на современо македонско сликарство. Тогаш беа претставени 12 сликари и шест скулптури од кои и денес, речиси сите, со по некој исклучок се разбира, не престануваат да заземаат значајно место во нашето современо македонско ликовно творештво.

Третата изложба „Млада генерација" што дојде пет години по првите две, во 1972 година, со себе донесе и повеќе имиња од претходните. На неа беа претставени 27 сликари и скулптури. За разлика од претходните изложби, на оваа се појавија повеќе уметници кои за жал, по доцна ќе се покаже, не го продолжија континуитетот во своето творештво и не ги заседоа оние места во ликовниот живот за кои можеше да се претпоставува дека ќе ги освојат.

Третата генерација на млади ликовни уметници на изложбата во 1977 година ја претставуваа дваесет и четворица уметници родени во периодот меѓу 1941 и 1952 година. Иако временската дистанца од оваа изложба до денес е релативно мала, сепак и од оваа генерација веќе може да се насети кој се одвојува со својот квалитет и ангажман. Заеднички белег на сите досегашни и идни изложби со наслов „Млада генерација" е тоа дека тие врз себе ја земаат улогата на евидентирање, а не на трајно и непроменливо вреднување, за што креативната патека на секој уметник е толку променлива, факт што тие и го докажаа.



**Димитар Манев: Без наслов, масло на платно, 1977**

Годинава петтата генерациска средба на младите македонски уметници се предвидува да се организира при крајот на февруари. Досега, при обработката на каталошките податоци, се опфатени околу 30-тина македонски уметници кои живеат и работат на територија на Македонија и Југославија. Со исклучок на двајца учесници на следната изложба „Млада генерација", сите останати за овие последни пет години ги завршиле своите студии. Излагачите ќе бидат застапени со по едно, две или најмногу три експонати.

**И оваа претстојна петта изложба „Млада генерација "треба да се сфати како настојување за воспоставување на првиот контакт меѓу младиот уметник и општеството, зашто оваа акција на Музејот систематски и студиозно да го следи новиот ликовен потенцијал тоа и е.**

**С. Ѓуровска**